Образец бр. ИД-04

Бр. 11 –856/3
4.6.2025 година
Скопје

Врз основа на член 13, став 1, алинеја 3 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Универзитетски гласник бр. 397/2018) и Одлуката за распишување на Конкурс за финансирање на електронско издаваштво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2025/2026 година бр. 11-856/2 од 4.6.2025 година, Комисијата за издавачка дејност на Универзитетот објавува:

## КОНКУРС
## за финансирање на електронско издаваштво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2025/2026 година

1. Право за учество на Конкурсот за финансирање на електронското издаваштво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2025/2026 година, на единиците во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за учебници и учебни помагала имаат единиците кои се во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Средствата за финансирање на електронското издаваштво се обезбедуваат од средствата за остварување на интегративните функции, наменети за активностите поврзани со издавачката дејност.

3. Распределувањето на средства ќе се врши врз основа на доставените пријави со потребната документација по овој Конкурс, од страна на единиците во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

4. Селекцијата на насловите ќе ја врши Комисијата за издавачка дејност, врз основа на критериуми кои се утврдени во ***Образец ИД-09*** за Пресметка на бодовите за рангирање на учебникот/учебното помагало. При селекција ќе се почитува застапеноста на единиците, додека бројот на насловите кои ќе бидат селектирани, ќе зависи од расположливи средства за оваа намена.

5. Пресметката на бодовите за рангирање на учебникот/учебното помагало ја спроведува единицата според ***Образец ИД-09***. Местото на ранг-листата, на доставениот предлог, за приоритетот за објавување на предложените наслови го утврдува ННС/ННУС/НС на единицата во ***Образец ИД-05***.

6. Учесниците на Конкурсот до Комисијата за издавачка дејност треба да достават:
   - **Пријава** по конкурс за е-издаваштво научебници и учебни помагала во електронска форма (***Образец ИД-05***).
   - **Одлука од наставно-научниот/ наставно-научниот и уметнички совет/научниот совет на единицата** за објавување на секој од предложените наслови.
     Секоја одлука треба да содржи:
     - назив на учебникот, односно учебното помагало;
     - име и презиме на авторот (авторите);
     - назив на предметната програма за која се однесува;
     - назив на студиската програма;

- фонд на часови настава и вежби, ЕКТС-кредити за предметната програма во семестарот и карактер на предметот (задолжителен/изборен);
- број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник;
- реден број на изданието (прво, второ итн);
- предлог за формат (А4 или Б5), број на страници и прилози за секој предложен наслов.

- **Рецензии**, објавени и усвоени, за секој поединечен наслов;
- **Согласност од авторот/авторите** за издавање на учебникот/учебното помагало во електронска форма и нивно поставување на интернет страницата на Универзитетот со отворен пристап" (***Образец ИД-06***);
- **Пресметка на бодовите** за рангирање на учебникот (***Образец ИД-09***).

7. Изданието кое ќе биде објавено во е-форма од страна на Универзитетот, не може да се печати и во материјална форма.

8. Доколку изданието е веќе издадено во печатена форма, нема да се финансира неговото издавање во е-форма.

9. Сите изданија подлежат на постапка за добивање на DOI број.

10. CIP-записот и DOI број ги обезбедува Универзитетот од Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје. Претходната техничка подотовка и јазична корекција е обврска на авторот.

11. Пријавите и документацијата за учество на Конкурсот се доставуваат до Комисијата за издавачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, со назнака „За Конкурсот за финансирање на електронско издаваштво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за 2025/2026 година.

12. Конкурсот е отворен заклучно со 7.11.2025 година.

Потребните обрасци за Конкурсот се наоѓаат на веб страницата на Универзитетот http://www.ukim.edu.mk.

Лице за контакт: Катерина Петреска Михајлова, е-адреса: kpetreska@ukim.edu.mk

**Комисија за издавачка дејност на**

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**